# Служ[illegible]

НА СОЦИЈАЛИС[illegible] ЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

[illegible]


**359.**

Врз основа на чл. 20, 22 и 25 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ“, бр. 29/66, 54/67, 55/68, 13/69, 20/69, 50/69 и 55/69) и членот 37 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 14/65, 28/66 и 54/67), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА ГЛОБАЛНАТА ДЕВИЗНА КВОТА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА УВОЗОТ НА СУРОВИНИ И ДРУГИ РЕПРОДУКЦИОНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА 1970 ГОДИНА

1. Во Одлуката за утврдување и распределба на глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1970 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 41/69, 56/69 и 21/70) во точката 12 по ставот 1 се додава нов став 2, кои гласи:

„Барањето за утврдување на износот на девизите за плаќање на увозот на суровини и репродукциони материјали, за кои режимот на увозот е изменет со Одлуката за измени и дополненија на Одлуката за определување на стоките чиј извоз и увоз е регулиран („Службен лист на СФРЈ“, бр. 27/69), може да се поднесе до 31 август 1970 година заклучно.“

Досегашните ст. 2 до 4 стануваат ст. 3 до 5.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Р. п. бр. 93
8 јули 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

---

**360.**

Врз основа на членот 109 став 1 од Законот за банките и кредитните работи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 12/65, 29/65, 4/66, 26/66, 1/67, 17/67, 54/67, 26/68, 50/68, 13/69, 42/69, 55/69 и 28/70) и членот 2 од Законот за Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 12/65, 47/66 и 55/68), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТИ НА ЛИЦАТА ШТО ПРЕТРПЕЛЕ ШТЕТА ОД ПОПЛАВА НА ТЕРИТОРИИТЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ОПШТИНИ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА АВТОНОМНА ПОКРАИНА ВОЈВОДИНА

1. На лицата што во првото полугодие на 1970 година претрпеле штета од поплава во Социјалистичка Автономна Покраина Војводина на територииите на општините: Кањижа, Сента, Ада, Бечеј, Тител, Нови Кнежевац, Чока, Кикинда, Нови Бечеј, Зрењанин, Жабаљ, Панчево, Ковачица, Опово, Пландиште, Сечањ, Житиште, Нова Црња, Шид и Рума — банките можат да им даваат потрошувачки кредити за купување градежен материјал и за плаќање градежни услуги за поправка на оштетени станбени и економски згради и за купување оној вид мебел и предмети за домаќинство (освен автомобили и прехранбени производи) што се уништени, со рок за враќање до пет години.

Барателите на кредитот од ставот 1 на оваа точка се должни да приложат кон барањето за кредит потврда од надлежниот општински орган за височината и видот на штетата предизвикана со поплавата.

2. Потрошувачки кредити според оваа одлука можат да им се дадат само еднаш, и тоа:

1) на работниците во редовен работен однос — до 1/3 од вкупниот нето личен доход за времето за кое се дава кредитот;

2) на пензионерите и инвалидите — до 1/3 од вкупниот износ на пензија односно инвалиднина за времето за кое се дава кредитот;

3) на лицата на самостојни професии — до 1/3 од вкупниот износ на кој плаќаат придонес за социјално осигурување за времето за кое се дава кредитот;

4) на имателите на приватни занаетчиски дуќани — до 1/3 од основицата на која им е извршен разрез на придонесот од личниот доход од самостојно вршење занаетчиски и други стопански дејности, пресметано за времето за кое се дава кредитот;

5) на индивидуалните земјоделски производители до 1/3 од основицата на која им е разрежан придонесот од доходот од земјоделска дејност за изминатата година за времето за кое се дава кредитот.

Во поглед на можноста за добивање кредит, со лицата од одредбата под 1 на ставот 1 на оваа точка се изедначуваат југословенските државјани запослени во странство, ако банката оцени дека се кредитно способни.

Износот на потрошувачкиот кредит од точката 1 на оваа одлука не може да биде поголем од износот на проценетата штета предизвикана со поплавата односно од 20.000 динари по одделно домаќинство.

Како домаќинство, во смисла на оваа одлука, се подразбира заедницата за живеење, стопанисување и трошење на остварените приходи.

3. Давањето на потрошувачки кредит според оваа одлука банката нема да го условува со полагање во готови пари определен дел (процент) од износот на одобрениот кредит.

4. Потрошувачки кредит според оваа одлука може да се даде и на лице на кое му припаѓа надоместок за претрпена штета врз основа на осигурување кај осигурителен завод, но само до височината на разликата помеѓу вкупниот износ на проценетата штета и вкупниот износ на надоместокот по основот на осигурувањето, ако е надоместокот помал од проценетата штета.

5. Потрошувачки кредит според оваа одлука може да се исплати во готови пари до 30% од износот на кредитот, а и во поголем износ — ако банката оцени дека барањето на барателот е оправдано,

Остатокот на кредитот банката го исплатува во барирани чекови.

6. На лицата што претрпеле штета предизвикана со поплава банката може да им го одложи отплатувањето на потрошувачките кредити добиени до 30 јуни 1970 година — до почетокот на рокот на отплатувањето на кредитите дадени според одредбите од оваа одлука.

7. Долгот по потрошувачките кредити дадени до 30 јуни 1970 година може да се соедини со кредитот даден според оваа одлука, со тоа износот на соединетиот кредит да може да ја премине границата од точката 2 на оваа одлука за износот на долгот по кредитот даден до 30 јуни 1970 година.

8. Отплатувањето на кредитот даден според оваа одлука односно по соединетиот кредит банката може да го договори, со тоа што отплатувањето на кредитот да почне од 1 јануари 1971 година.

9. Барање за потрошувачки кредит според одредбите од оваа одлука може да ѝ се поднесе на банката до 30 ноември 1970 година.

10. За давање кредити според оваа одлука Народната банка на Југославија ќе им одобри на деловните банки кредити врз основа на средствата од депозитите на Поштенската штедилница кај неа, и тоа со камата по стапка од 1,5% годишно, под услов деловната банка да не наплатува од корисникот на кредитот камата по стапка поголема од 2% годишно.

11. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 92
8 јули 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

**361.**

Врз основа на членот 1 став 2 од Основниот закон за придонесот на средствата за заедничка потрошувачка („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/67, 23/68 и 50/68), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СОБИРАЊЕТО НА ПОМОШТИ ЗА ПОСТРАДАНИТЕ ОД ПОПЛАВА НА ТЕРИТОРИИТЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИТЕ ОПШТИНИ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА АВТОНОМНА ПОКРАИНА ВОЈВОДИНА ДА СЕ СПРОВЕДУВА КАКО ОПШТЕСТВЕНО ОРГАНИЗИРАНА АКЦИЈА ВО ЦЕЛАТА ЗЕМЈА

1. Се утврдува собирањето на помошти за постраданите од поплава во првото полугодие на 1970 година во Социјалистичка Автономна Покраина Војводина на територите на општините: Кањижа, Сента, Ада, Бечеј, Тител, Нови Кнежевац, Чока, Кикинда, Нови Бечеј, Зрењанин, Жабаљ, Панчево, Ковачица, Опово, Пландиште, Сечањ, Житиште, Нова Црња, Шид и Рума да се спроведува како општествено организирана акција во целата земја.

Согласно членот 1 став 2 на Основниот закон за придонесот на средствата за заедничка потрошувачка, на средствата што работните и други организации и државните органи ќе ги доделат од средствата на заедничката потрошувачка како помош за постраданите од поплава од ставот 1 на оваа точка, не се плаќа придонес на средствата за заедничка потрошувачка.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 95
8 јули 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

**362.**

Врз основа на чл. 23а и 24 од Законот за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/65 и 21/67), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИТЕТ ЗА СОРАБОТКА СО ЗЕМЈИТЕ ВО РАЗВОЈ

1. Се формира Комитет за соработка со земјите во развој, како работно тело на Сојузниот извршен совет.

2. Комитетот за соработка со земјите во развој ги разгледува прашањата од надлежноста на Сојузниот извршен совет што се однесуваат на одржувањето и понатамошното унапредување на меѓусебните односи и на соработката на Југославија и земјите во развој — во областа на стопанството, културата и во другите области, и на Сојузниот извршен совет му дава мислења и предлози за тоа, како и иницијатива за претресување на овие прашања на седница на Советот и за преземање на потребните мерки.

3. Претседател на Комитетот за соработка со земјите во развој е член на Сојузниот извршен совет, а за членови на Комитетот се именуваат претставници од: Државниот секретаријат за надворешни работи; Сојузниот секретаријат за стопанство, Сојузниот секретаријат за финансии, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, Сојузниот совет за образование и култура, Сојузниот совет за здравство и социјална политика, Сојузниот совет за координација на научните дејности, Сојузниот завод за стопанско планирање, Сојузниот завод за меѓународна техничка соработка, Сојузната комисија за културни врски со странство, Народната банка на Југославија, Сојузната стопанска комора, Фондот за кредитирање и осигурување на определени извозни работи и од институтите што се занимаваат со прашања на односите на Југославија со земјите во развој.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 94
8 јули 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

**363.**

Врз основа на членот 20 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 52/69, 22/70 и 25/70), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЦАРИНСКИ КОНТИНГЕНТИ

1. Во Решението за определување царински контингенти („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 27/66, 48/67, 54/67, 8/68, 13/69 и 31/69) во точката 1 по тар. број 57.04 се додава нов тарифен број, кој гласи:

„57.04/2б Сијамска јута (Hibiscus Cannabinus)".

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 96
8 јули 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

**364.**

Врз основа на членот 31 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 52/69, 22/70 и 25/70), сојузниот секретар за финансии пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА УПАТСТВОТО ЗА ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ОСНОВИЦА И ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНА

1. Во Упатството за постапката за утврдување на царинската основица и за остварување на правото на ослободување од плаќање на царина („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/65, 14/66 и 32/67), во точката 9 став 10 на крајот се додаваат запирка и зборовите: „а за предмети на домаќинство на поморци".

2. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3-8201/1
3 јули 1970 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Јанко Смоле**, с. р.

**365.**

Врз основа на точката 3 од Решението за определување царински контингенти („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 27/66, 48/67, 54/67, 8/68, 13/69 и 31/69), во спогодба со сојузниот секретар за надворешна трговија, сојузниот секретар за финансии донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОНИСКИ ЦАРИНСКИ СТОПИ ЗА УВОЗ НА ОПРЕДЕЛЕНА ОПРЕМА

1. На увозот на производите од подолу наведените тарифни броеви на Царинската тарифа, наместо царинските стопи предвидени во Царинската тарифа односно во Решението за определување пониски царински стопи за стоките за кои е предвиден царински контингент („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/70 и 22/70), ќе се применуваат следните царински стопи:

| Тарифен број | Наименување | Царинска стопа |
|---|---|---|
| 85.01/4 | Електрични генератори, мотори, претворачи-конвертори (ротациони или статички), трансформатори, исправувачи и исправувачки апарати, индуктори | |
| | Друго | |
| | Ex. | |
| | Автоматски агрегати стационирани и подвижни за непрекинато напојување | 12 |
| 85.15/3ж | Радио-телеграфски и радио-телефонски преносни и приемни апарати — Други | |
| | Ex. | |
| | Освен радио-дифузните предаватели за кратки, средни и долги бранови | 12 |
| 85.20/1г | Сијалици за сите проекциони апарати и рефлекторски сијалици над 1 kW | Сл. |
| 87.03/11 | Моторни возила за специјални цели — Други | |
| | Ex. | |
| | Радио-телевизиски и филмски репортажни коли за тон и слика | 12 |
| 90.08/1 | Апарати за снимање и репродукција на звук | |
| | Ex. | |
| | Специјални приспособени кон потребите на радио и телевизиските односно филмските претпријатија | 12 |
| 90.08/2 | Кинематографски камери: | |
| | а) за филм до 16 mm | 12 |
| | б) за филм над 16 mm | 12 |
| 90.08/3 | Кино-проектори (освен за филм од 16 mm и 35 mm) | |
| 90.08/4 | Друго: | |
| | Ex. | |
| | Други специјални проектори за ТВ, освен кино-проекторите за филм од 16 mm и 35 mm | 12 |
| 92.11/5 | Друго: | |
| | Ex. | |
| | Телевизиски апарати за репродукција на слика и звук, магнетски и сл. | 12 |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3—8722/1
29 јуни 1970 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Јанко Смоле**, с. р.

**366.**

Врз основа на точката 3 од Решението за определување царински контингенти („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 27/66, 48/67, 54/67, 8/68, 13/69 и 31/69), во спогодба со сојузниот секретар за надворешна трговија, сојузниот секретар за финансии донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОНИСКИ ЦАРИНСКИ СТОПИ ЗА УВОЗ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ ПО ОСНОВ НА КООПЕРАЦИЈА СО СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ

1. На увозот на производите од подолу наведените тарифни броеви на Царинската тарифа, наместо царинските стопи предвидени во Царинската тарифа односно во Решението за определување пониски царински стопи за стоките за кои е предвиден царински контингент („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/70 и 22/70), ќе се применуваат следните царински стопи:

| Тарифен број | Наименување | Царинска стопа |
|---|---|---|
| 84.25/2 | Комбајни за пченка, самоодни или влечени | |
| | Ex. | |
| | Делови и склопови за комбајни за пченка, влечени | Сл. |
| 84.25/3 | Други комбајни, самоодни или влечени | |
| | Ex. | |
| | Делови и склопови за други комбајни, влечени | Сл. |

2. Ова решение ќе се применува под услов увозот на производите наведени во точката 1 на ова решение да се врши врз основа на договор за долгорочна производствена кооперација со странски партнер и да постои реципроцитет помеѓу Југославија и земјата на странскиот партнер во поглед царинските олеснења.

Условите од ставот 1 на оваа точка надлежната царинарница ќе ги утврди од договорот за долгорочна производствена кооперација со странскиот парт-

нер и од меѓудржавната спогодба за спроведување на производствена кооперација помеѓу двете земји.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3—8723/1
29 јуни 1970 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Јанко Смоле**, с. р.

**367.**

Врз основа на точката 3 од Решението за определување царински контингенти („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 27/66, 48/67, 54/67, 8/68, 13/69 и 31/69), во спогодба со сојузниот секретар за надворешна трговија, сојузниот секретар за финансии донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ КОНТИНГЕНТ И ПОНИСКИТЕ ЦАРИНСКИ СТОПИ ЗА УВОЗ НА СУРОВИНИ И РЕПРОДУКЦИОНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА 1970 ГОДИНА

1. На увозот на суровини и репродукциони материјали од подолу наведените тарифни броеви односно ставови на Царинската тарифа, наместо царинските стопи предвидени во Царинската тарифа, ќе се применуваат за 1970 година следните царински стопи:

| Тарифен број | Наименување на стоките | Царинска стопа |
|---|---|---|
| 26.01/7б | Концентрат на цинк (само на увоз до 50.000 t) | 1 |
| 74.01/3 и 4 | Суров бакар (блистер) и бакар рафиниран (само на увоз до 30.000 t) | 1 |
| 74.03/1а | Бакарна жица пресек над 6 mm, која во Царинската тарифа е декларирана како прачки од нелегиран бакар (само на увоз до 6.000 t) | 1 |
| 76.01/2а | Алуминиум необработен, во инготи, трупци, кекс (само на увоз до 11.000 t) | 1 |
| 77.01/2 | Магнезиум необработен (само на увоз до 600 t) | 1 |
| 80.01/2 | Калај суров (само на увоз до 1.200 t) | 1 |
| 81.04/2а | Манган (само на увоз до 120 t) | 1 |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3/8724
29 јуни 1970 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Јанко Смоле**, с. р.

По извршеното споредување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Решението за определување на царинскиот контингент и пониските царински стопи за увоз на производи на црната металургија за 1970 година, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 11/70, се поткраднала долу наведената грешка, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ КОНТИНГЕНТ И ПОНИСКИТЕ ЦАРИНСКИ СТОПИ ЗА УВОЗ НА ПРОИЗВОДИ НА ЦРНАТА МЕТАЛУРГИЈА ЗА 1970 ГОДИНА

Во точката 3 наместо тарифниот број: „73.15/20" треба да стои: „73.12/2а, б; 73.13/5; 73.15/20, 22, 24".

Од Сојузниот секретаријат за финансии, Белград, 2 јули 1970 година.

# УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНА НА ЗАКОНИТОСТА НА РЕШЕНИЕТО НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНАТА БИЕЛО ПОЛЕ ОД 9 ЈУЛИ 1968 ГОДИНА И НА РЕШЕНИЕТО НА СОВЕТОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА УПРАВАТА И СОВЕТОТ ЗА ОПШТЕСТВЕН ПЛАН И ФИНАНСИИ НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНАТА БИЕЛО ПОЛЕ ОД 30 СЕПТЕМВРИ 1968 ГОДИНА

I. Со Решението на Собранието на општината Биело Поле, бр. 01-2321/1 од 9 јули 1968 година, наредено им е на сите стопански организации и установи од територијата на таа општина, освен на Претпријатието Волнарски комбинат, да формираат во заедница со Собранието на општината заедничка професионална противпожарна единица со опрема.

Со ставот 2 од наведеното решение овластени се Советот за внатрешни работи и организација на управата и Советот за општествен план и финансии да ја утврдат стапката по која стопанските организации и установи се должни да плаќаат придонес за финансирање на заедничката професионална противпожарна единица.

Врз основа на Решението бр. 01-2321/1 од 9 јули 1968 година, Советот за внатрешни работи и организација на управата и Советот за општествен план и финансии донесоа заедничко решение, бр. 01-2897/1 од 30 септември 1968 година, со кое височината на придонесот за финансирање на заедничката професионална противпожарна единица ја определиле во процент од 0,2% од вредноста на основните и обртните средства на сите стопански организации и установи.

Работничкиот совет на Водоводот „Бистрица" и работничкиот совет на Комбинатот за производство на градежен материјал „Шпиро Дацик" обата од Биело Поле, поднесоа барање за оценување на законитоста на точката 2 од Решението на Собранието на општината Биело Поле, бр. 01-2321/1 од 9 јули 1968 година и на заедничкото решение на Советот за внатрешни работи и организација на управата и Советот за општествен план и финансии на Собранието на општината Биело Поле, бр. 01-2897/1 од 30 септември 1968 година.

Подносителите на барањето сметаат дека општината е должна да ја финансира и издржува противпожарната служба од средствата на буџетот и од другите наменски средства, што се определени со сојузниот закон; дека таа не е овластена својата обврска да ја префрла на работни организации и установи и дека не е овластена да воведува придонес за финансирање на професионалната противпожарна единица, зашто придонесите можат да бидат определени само со сојузен закон.

II. По повод наведените барања Собранието на општината Биело Поле во претходната постапка и преку својот застапник на јавната расправа истакнуваше дека тоа е овластено, врз основа на членот 24 од Основниот закон за заштитата од пожар, во интерес на противпожарната заштита да бара и да ѝ нареди на една работна организација или на поголем број работни организации да организираат противпожарна единица со соодветна опрема. Освен тоа, Собранието го истакнуваше и тоа дека е врз основа на членот 18 од тој закон, покрај другото предвидено дека секоја работна организација е должна да го поднесува сразмерниот дел на трошоците околу одржувањето на противпожарната единица и околу вршењето на противпожарната заштита, та дека самото со својата одлука го утврдило тој сразмер.

**III. Основниот закон за заштитата од пожар, во низа мерки што се должни да ги преземаат општината, работните организации, граѓаните, стопанските и општествените организации, установите и државните органи, пропишува и обврска за основање на противпожарни единици. Противпожарни единици можат да основаат доброволните противпожарни друштва, општинското собрание и работните организации за своите потреби, под условите предвидени во законот.**

Законот изречно не предвидува основање на противпожарна единица заедничка и за општината како и за одделни претпријатија и установи што би биле должни да ја основат врз основа на наредба на општинското собрание. Но од одредбите од чл. 18 до 27 на наведениот закон не произлегува дека е забрането основање на професионална противпожарна единица заедничка за општината и за одделните претпријатија и установи на нејзината територија. И од уставните овластувања на општинското собрание и од овластувањата на работната организација не произлегува забрана спрема општинското собрание и работната организација да се појават како сооснувачи на една таква служба која се основа во нивен заеднички интерес.

Уставниот суд, поради тоа, смета дека општинското собрание не ги пречекорило уставните овластувања и овластувањата содржани во Основниот закон за заштитата од пожар кога одлучило односно наредило да се основе професионална противпожарна единица како заедничка единица на општината и одделните работни организации.

Во поглед обезбедувањето на материјалните средства, општинското собрание според Уставот и сојузните закони не е овластено да воведува придонес за финансирање на ваква противпожарна единица. Сојузните закони кои ги утврдуваат изворите и видовите на приходите на општествено-политичките заедници не утврдиле како извор или вид приход посебен придонес за финасирање на заедничка професионална противпожарна единица. Основниот закон за заштитата од пожар, кој предвидува работните организации што основаат заедничка професионална противпожарна единица да поднесуваат сразмерен дел од нејзините трошоци, не го овластува општинското собрание тоа самото да го утврдува тој сразмер.

Според тоа, ако општината учествува заедно со работните организации во основањето на професионална противпожарна единица, височината на учеството во обезбедувањето на средствата за опремата и за одржувањето на таквата единица може да се утврдува само врз основа на спогодба постигната помеѓу општината и работните организации. Своето учество општината го намирува од својот буџет, а работните организации од своите средства во согласност со прописите за средствата на работните организации. При тоа, по мислење на Уставниот суд, мерилата за определување на сразмерното учество во финансирањето на заедничката противпожарна професионална единица не би можеле да се доведуваат во зависност од вредноста на основните средства односно од височината на обртните средства на работната организација или од височината на средствата обезбедени за работа на друштвениот орган односно установата. Тие мерила можат да се утврдуваат зависно од интересите, потребите и обврските на секој сооснивач.

Врз основа на изложената состојба на работите Уставниот суд смета дека Решението на Собранието на општината Биело Поле, бр. 01-2321/1 од 9 јули 1968 година, во точката 2 на Решението за воведување придонес за финансирање на противпожарната служба и во врска со него заедничкото решение на Советот за внатрешни работи и организација на управата и Советот за општествен план и финансии на Собранието на општината Биело Поле, бр. 01-2897/1 од 30 септември 1968 година, за определување на стапката на овој придонес не се во согласност со Уставот на Југославија и со Основниот закон за заштитата од пожар.

**IV. Врз основа на членот 241 став 1 точка 3 од Уставот на Југославија, по одржаната јавна расправа, Уставниот суд на Југославија**

**одлучи**

1. Општинското собрание е овластено да одлучува односно да нареди основање на заедничка професионална противпожарна единица за територијата на општината и за една или повеќе работни организации на територијата на општината.

2. Општинското собрание не е овластено да ја определува со свој пропис височината на сразмерното учество на работните организации во обезбедувањето на средства на заедничката професионална противпожарна единица по пат на придонес или на друг начин.

3. Општинското собрание не е овластено да воведува со свој пропис придонес на основните и обртните средства на работните организации наменети за финансирање на професионалната заедничка противпожарна единица, ниту на своите органи да пренесува овластување тие да ја утврдуваат височината на приходот, кој според законот му припаѓа.

4. Се укинуваат точката 2 од Решението на Собранието на општината Биело Поле, бр. 01-2321/1 од 9 јули 1968 година („Службени лист СРЦГ", бр. 30/68) која се однесува на воведување општински придонес за финансирање на противпожарна единица и заедничкото Решение на Советот за внатрешни работи и организација на управата и Советот за општествен план и финансии на Собранието на општината Биело Поле, бр. 01-2897/1 од 30 септември 1968 година („Службени лист СРЦГ", бр. 7/69) со кое е определена стапката на општинскиот придонес за финансирање на заедничката професионална противпожарна единица.

5. Оваа одлука се објавува во „Службен лист на СФРЈ" и „Службени лист СРЦГ".

V. Уставниот суд на Југославија ја донесе оваа одлука во состав: претседател на Судот Блажо Јовановиќ и членови на Судот: д-р Иво Сунариќ, Иван Божичевиќ, Неда Божиновиќ, д-р Јован Ѓорѓевиќ, д-р Асен Групче, Јоже Земљак, Шефкет Маглајлиќ и д-р Александар Фира.

У бр. 301/69
28 април 1970 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд
на Југославија,
**Блажо Јовановиќ**, с. р.

---

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНА НА ЗАКОНИТОСТА НА ОДЛУКАТА НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНАТА ВИСОКО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КАМАТНАТА СТАПКА НА СРЕДСТВАТА НА ДЕЛОВНИОТ ФОНД НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

I. Генералниот директор на Службата на општественото книговодство врз основа на членот 15 од Законот за Службата на општественото книговодство, поднесе предлог за оценување на законитоста на членот 1 став 1 точка 3 и став 2 и за оценување на уставноста на членот 4 од Одлуката на Собранието на општината Високо за определување на каматната стапка на средствата на деловниот фонд на стопанските организации („Службени гласник општине Високо", бр. 2/66).

Со одредбата на членот 1 став 1 точка 3 од наведената одлука ослободено е од плаќање камата на деловниот фонд Занаетчиското претпријатие „Искра" во Високо.

Со членот 8 од Законот за установувањето на каматата на фондовите во стопанството („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/68) собранието на општината е овластено на средствата на деловниот фонд што служат за вршење на комуналната дејност, на уго-

стителската дејност, на дејноста туристичко посредување и на дејноста услужно занаетчиство да ја определи каматната стапка на деловниот фонд, односно да ја ослободи стопанската организација од плаќање камата на деловниот фонд врз средствата на деловниот фонд што служат за вршење на овие дејности. Што значи дека овластувањето за ослободување од обврската за плаќање камата на деловниот фонд општинското собрание може да го користи само ако се во прашање средства од деловниот фонд што служат за вршење на дејностите определени со закон.

Во постапката за оценување на законитоста на Одлуката на Собранието на општината Високо, Уставниот суд утврди дека Занаетчиското претпријатие „Искра" покрај дејноста на услужно занаетчиство врши и дејност на производно занаетчиство. Бидејќи Собранието на општината врз основа на наведената законска одредба не е овластено на средствата на деловниот фонд што служат за вршење на дејноста на производно занаетчиство да ја определува каматната стапка на деловниот фонд, односно да ја ослободи стопанската организација од обврската за плаќање на оваа камата, Собранието на општината Високо немаше право да го ослободи Занаетчиското претпријатие „Искра" во целина од плаќање на камата на деловниот фонд.

Со одредбата на ставот 2 од членот 1 на наведената одлука пропишана е обврска за работните организации што се ослободени од плаќање камата на деловниот фонд износот на пресметаната камата да го внесат во својот деловен фонд.

Оценувајќи ја законитоста на оваа одредба со која е условено ослободување од плаќање камата на деловниот фонд, Судот утврди дека собранието на општината не е изречно овластено со Законот за установувањето на каматата на фондовите во стопанството да пропише таков услов. Меѓутоа, имајќи предвид дека се во прашање средства кои според одредбата на членот 8 став 5 на тој закон се приход на општината односно дека интенцијата на законот е тие средства да се користат за инвестиции, — одлуката на општинското собрание со која вака се условува ослободувањето од плаќање камата, според сфаќањето на Уставниот суд, значи само поблиско определување на користењето на тие средства. Имено, Уставниот суд смета, дека во овластувањето на општинското собрание да го собира приходот од каматата или да се одрекува од него содржано е и овластување да може да пропише и услови под кои се дава ова ослободување, со тоа тие услови да ја задоволуваат интенцијата на законот средствата од каматата да се користат за определени цели.

Во поглед одредбата на членот 4 од наведената одлука со која е пропишано повратно дејство на таа одлука, Уставниот суд веќе заседе став во својата одлука У бр. 347/65, според која можат да имаат повратно дејство оние одредби на општ акт со кои на работните организации им се признаваат права пошироки од оние што ги имале според порано важечките прописи.

II. Врз основа на изложеното, Уставниот суд на Југославија во согласност со одредбата на членот 241 став 1 точка 3 од Уставот на СФРЈ,

одлучи

1. Се утврдува дека одредбата на членот 1 став 1 точка 3 на Одлуката за определување на каматната стапка на средствата на деловниот фонд на стопанските организации („Службени гласник општине Високо", бр. 2/66) не е во согласност со Законот за установувањето на каматата на фондовите во стопанството.

2. Се укинува одредбата на членот 1 став 1 точка 3 од Одлуката за определување на каматната стапка на средствата на деловниот фонд на стопанските организации во делот со кој Занаетчиското претпријатие „Искра" во Високо се ослободува од плаќање камата на средствата на деловниот фонд што служат за вршење на дејноста на производно занаетчиство.

3. Се утврдува дека одредбите на членот 1 став 2 и членот 4 на наведената одлука не се несогласни со Уставот на СФРЈ и со Законот за установувањето на каматата на фондовите во стопанството.

4. Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ" и во „Службени гласник општине Високо".

III. Уставниот суд на Југославија ја донесе оваа одлука во состав: претседател на судот Блажо Јовановиќ и членови на Судот: Неда Божиновиќ, Иван Божичевиќ, д-р Асен Групче, д-р Јован Ѓорѓевиќ, д-р Александар Фира, Шефкет Маглајлиќ, Никола Сризентиќ, д-р Иво Сунариќ и Јоже Земљак.

У бр. 328/69
27 мај 1970 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд
на Југославија,
**Блажо Јовановиќ**, с. р.

# РЕШЕНИЈА

Врз основа на членот 83 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/67, 50/69 и 25/70), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ПОМОШНИК НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАР ЗА СТОПАНСТВО

Се разрешува од должноста на помошник сојузен секретар за стопанство Милорад Савиќевиќ, поради одење на друга должност.

Б. бр. 72
24 јуни 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

---

Врз основа на членот 70 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/67, 50/69 и 25/70), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ПОМОШНИК СОЈУЗЕН СЕКРЕТАР ЗА СТОПАНСТВО

Се разрешува од должноста на помошник сојузен секретар за стопанство инж. Антон Дебрецин, поради одење на друга должност.

Б. бр. 73
24 јуни 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

Врз основа на членот 74 став 3 од Законот за Службата на општественото книговодство („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/67, 54/67, 15/68, 50/68 и 55/69), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЗАМЕНИК—ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО

Се разрешува д-р Сергије Ѓуровиќ од должноста на заменик—генерален директор на Службата на општественото книговодство.

Бр. бр. 75
24 јуни 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

---

Врз основа на членот 83 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/67, 50/69 и 25/70), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ ЗАВОД

Се разрешува инж. Милисав Перовиќ од должноста на директор на Сојузниот хидрометеоролошки завод.

Врз основа на членот 159 од Законот за сојузната управа („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/65) именуваниот го задржува правото на личен доход и другите права од работниот однос за време од шест месеци од денот на разрешувањето.

Б. бр. 77
24 јуни 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

---

Врз основа на членот 83 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/67, 50/69 и 25/70), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА МЕРКИ И СКАПОЦЕНИ МЕТАЛИ

Се разрешува Јосип Гиздиќ од функцијата на директор на Сојузниот завод за мерки и скапоцени метали.

Врз основа на членот 159 од Законот за сојузната управа („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/65) именуваниот го задржува правото на личен доход и другите права од работниот однос за време од шест месеци од денот на разрешувањето.

Б. бр. 79
24 јуни 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

Врз основа на членот 83 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/67, 50/69 и 25/70), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### За РАЗРЕШУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА МЕЃУНАРОДНА ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

Се разрешува Благое Богавац од должноста на директор на Сојузниот завод за меѓународна техничка соработка.

Врз основа на членот 159 од Законот за сојузната управа („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/65) именуваниот го задржува правото на личен доход и другите права од работниот однос за време од шест месеци од денот на разрешувањето.

Б. бр. 81
24 јуни 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

---

Врз основа на членот 70 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/67, 50/69 и 25/70), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНАТА УПРАВА ЗА ЦИВИЛНА ВОЗДУШНА ПЛОВИДБА

За помошник директор на Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба се назначува Милорад Шљивар, директор на Стопанската авијација на Југословенскиот аеротранспорт.

Б. бр. 74
24 јуни 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

---

Врз основа на членот 74 став 3 од Законот за Службата на општественото книговодство („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/67, 54/67, 15/68, 50/68 и 55/69), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ЗАМЕНИК—ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО

За заменик—генерален директор на Службата на општественото книговодство се назначува Спасое Меденица, досегашен помошник—генерален директор на Службата на општественото книговодство.

Б. бр. 76
24 јуни 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

Врз основа на членот 83 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 21/67, 50/69 и 25/70), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ ЗАВОД

За директор на Сојузниот хидрометеоролошки завод се назначува д-р Ѓура Радиновиќ, директор на Републичкиот хидрометеоролошки завод на СР Србија.

Б. бр. 78
24 јуни 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

---

Врз основа на членот 83 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 21/67, 50/69 и 25/70), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА МЕРКИ И СКАПОЦЕНИ МЕТАЛИ

За директор на Сојузниот завод за мерки и скапоцени метали се назначува инж. Петар Ковинчиќ, генерален директор на Комбинатот за гума и обувки „Борово“.

Б. бр. 80
24 јуни 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

---

Врз основа на членот 19 од Законот за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ“, бр. 19/65 и 21/67), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ДЕЛ НА ЈУГОСЛОВЕНСКО-ЕТИОПСКИОТ КОМИТЕТ ЗА СТОПАНСКА И ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

За претседател на Југословенскиот дел на Југословенско-етиопскиот комитет за стопанска и техничка соработка се именува Али Шукрија, член на Сојузниот извршен совет.

Б. бр. 82
17 јуни 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

Врз основа на членот 83 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 21/67, 50/69 и 25/70), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА МЕЃУНАРОДНА ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

За директор на Сојузниот завод за меѓународна техничка соработка се назначува инж. Антон Недог, раководител на одделение во здруженото претпријатие „Искра“ — Крањ.

Б. бр. 83
24 јуни 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

## СОДРЖИНА

Страна

359. Одлука за дополнение на Одлуката за утврдување и распределба на глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1970 година — — — — — — 809
360. Одлука за давање потрошувачки кредити на лицата што претрпеле штета од поплава на териториите на определени општини во Социјалистичка Автономна Покраина Војводина — — — — — — — — — 809
361. Одлука за утврдување собирањето на помошти за постраданите од поплава на териториите на определените општини во Социјалистичка Автономна Покраина Војводина да се спроведува како општествено организирана акција во целата земја — — — — — — — — — 810
362. Одлука за формирање Комитет за соработка со земјите во развој — — — — 810
363. Решение за дополнение на Решението за определување царински контингенти — 810
364. Упатство за дополнение на Упатството за постапката за утврдување на царинската основица и за остварување на правото на ослободување од плаќање на царина — 811
365. Решение за определување пониски царински стопи за увоз на определена опрема 811
366. Решение за определување пониски царински стопи за увоз на определени производи по основ на кооперација со странски партнери — — — — — — — — 811
367. Решение за определување на царинскиот контингент и пониските царински стопи за увоз на суровини и репродукциони материјали за 1970 година — — — — — 812
Исправка на Решението за определување на царискиот контингент и пониските царински стопи за увоз на производи на црната металургија за 1970 година — — 812
Одлука за оцена на законитоста на Решението на Собранието на општината Биело Поле од 9 јули 1968 година и на Решението на Советот за внатрешни работи и организација на управата и Советот за општествен план и финансии на Собранието на општината Биело Поле од 30 септември 1968 година — — — — — — — — 812
Одлука за оцена на законитоста на Одлуката на Собранието на општината Високо за определување на каматната стапка на средствата на деловниот фонд на стопанските организации — — — — — — 813

**Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ“, Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226 — Директор и главен и одговорен уредник Исо Барух, Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печати Београдски графички завод Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17**